***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК***
***НА ОПШТИНА КОНЧЕ***

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Конче Бр.4/2021** | ***КОНЧЕ 23.03.2021 ГОДИНА*** | **Излегува по потреба** |
| e-mail:opstina.konce@mt.net.mk | ж.с/ка 735014073863019 | Д.Б.4023005118934 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр. 05/02), Градоначалникот на општина Конче донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите донесени на 2-та вонредна седница на Советот на општина Конче одржана на ден 23.03.2021 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 2-та вонредна седница на Советот на општина Конче одржана на ден 23.03.2021 година**

1. Одлука за времен прекин на наставата со физичко присуство од прво до петто одделение во ПУ „Гоце Делчев“-Дедино, Конче.

Број 09-425/4
Дата 23.03.2021
Конче

Општина Конче
Градоначалник,
Благој Илиев,

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен гласник на РМ бр.05/02), и член 11 став 1 точка 43 од Статутот на општина Конче а во врска Одлуката од Општинскиот кризен штаб Конче број 02-426/1 од 22.03.2021,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 23.03.2021 година донесе:

# О Д Л У К А

За времен прекин на наставата со физичко присуство од прво до петто одделение во
ПУ „Гоце Делчев“-Дедино, Конче

**Член 1**

Се опредлува времен прекин за организирање на наставата со физичко присуство од 1-во до 5-то одделение во Подрачното училиште „Гоце Делчев“- во с.Дедино, Конче за период од две недели заради превентивно делување, избегнување на опасност од ширење на вирусот Ковид 19 преку учесниците во наставниот процес.

**Член 2**

Оваа Одлука се донесува по предлог на Општинскиот кризен штаб Конче поради настаната алармантна состојба на ширење на вирусот Ковид 19 во с.Дедино, Конче и настаната смрт на две лица во период од 24 часа како последица на вирусот.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила веднаш по нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Конче.

Број 08-425/3
Дата 23.03.2021
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов,

***С О Д Р Ж И Н А***

1. Одлука за времен прекин на наставата со физичко присуство од прво до петто одделение во ПУ „Гоце Делчев“-Дедино, Конче.

*„ Службен гласник на Општина Конче“*